ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:17-119/4**

**Дата:** 28.02.2014

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА - Сектор за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија**

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност која се однесува на активностите поврзани со оценка на ризиците и можностите за подобрување на ефектот од имплементацијата на програмите и активностите за развој на претприемништвото, односно на подобрување на постигнатиот ефект во развојот на малите и средни претпријатија.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година.

Ревизијата на успешност на тема “Ефективност од имплементација на програмите и активностите за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија “, го опфати периодот од 2010-2013 година.

Ревизијата на успешност претставува објективна и систематска проверка на докази со цел обезбедување на независна проценка за функционирање на државните органи, програми, активности или функции со цел обезбедување информации за подобрување на јавната отчетност и олеснување при донесување на одлуки на оние кои имаат одговорност да преземат или иницираат корективни дејствија.

Прелиминарните истражувања ги спроведовме во:

- Министерството за економија во Секторот за претприемниште и конкурентност на малите и средни претпријатија,
- Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија во понатамошниот текст Агенцијата,
- Регионалните бизнис центри за поддршка на претпријатија лоцирани во Струмица и Битола, како и на две Агенции за поддршка на претпријатија лоцирани во градовите Тетово и Охрид (ЕСА Центри - Enterprise Support Agency),
- Бизнис инкубатор односно старт - ап центар во Битола.

Истражувањата беа насочени кон следните области:

- Законската регулатива, надлежности и стратешки документи за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија (МСП);

- Институционална инфраструктура за поддршка на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија;

- Програми за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија.

Со ревизијата на успешност на „Ефективност од имплементација на програмите и активностите за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија" ја дефиниравме следната цел на ревизијата:

- Дали програмите за развој и поддршка на претприемништвото во РМ реализирани од страна на Министерството за економија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото имаат постигнато ефект во унапредувањето и развојот на малите и средни претпријатија.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да ги идентификуваат клучните фактори кои влијаат на ефективноста на програмите за развојот и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на мали и средни претпријатија, откривање на причините и последиците за утврдените состојби и креирање на препораки за надминување на утврдените состојби.

Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме по пат на спроведените техники и методологија, ни дадоа основа да го изразиме следното мислење:

Постигнатиот ефект од имплементација на програмите и активностите за развој на претприемништвото и подобрување на развојот на малите и средни претпријатија и подобрување на развојот на малите и средни претпријатија не е на задоволително ниво. Мерките за поддршка на претпријатијата се реализираат низ неколку програми водени од различни органи со недоволно јавно финансирање.

Со извршената ревизија го констатиравме следното:

- Не е донесена четири годишна Програма на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство, пропишана со Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија со што не е обезбедена рамка на мерки и активности за реализација на целите и политиките за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија.
- Потребни се измени и дополнувања на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија за да се изврши терминолошко усогласување на надлежностите на Агенцијата во Законот со годишните и четири годишната програма.
- Постои преклопување на активностите за реализација на програмските активности од областа на претприемништвото конкурентноста и иновативноста на МСП кои се реализираат преку Министерството за економија – Сектор за претприемништво и конкурентност и Агенцијата. Основната улога на Министерството за економија на РМ треба да биде насочена кон предлагање на мерки за остварување на развојната и тековна економска политика на МСП, како и надгледување на спроведување на политиките на МСП.
- Агенцијата за поддршка на МСП ги реализира програмските активности на локално ниво преку организациите за деловна поддршка (ОДП). Од тие причини Агенцијата треба да врши координација и поддршка и развој на мрежата за институционална поддршка на МСП, утврдена со Законот за основање на Агенцијата.
- Министерството за економија –Сектор за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија нема воспоставено конкретни политики за планирање на програмските активности. Министерството за економија во соработка со Агенцијата и проектот на Европската унија за развој на мали и средни претпријатија во периодот од 2006 -2009 година има земено учествува во изготвување на годишниот извештај за Европската опсерваторија за МСП како инструмент за анализа на состојбите и донесување на стратегии и политики во секторот на МСП. Оваа програмска активност (Опсерваторија за МСП) почнувајќи од 2010 година не е планирана и реализирана.

- Во Агенцијата постои отсуство на примена на соодветна методологија при планирање на програмските активности и утврдување на износите за финансиска поддршка на МСП. Агенцијата при креирање на годишната програма предвидува околу 20 програмски активности што доведува до намалување на ефектот од нивната имплементација, како резултат на планирање на средства на многубројни активности.
- Министерството за економија - Сектор за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија ја информира Владата на РМ со годишниот извештај за реализација на програмските активности од областа на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП. Во споменатите извештаи се даваат податоци кои се однесуваат на спроведување на програмата, но не и доволно показатели за постигнатите резултати.
- Министерството за економија - Сектор за евро интеграции нема постапено по насоките од заклучокот[1] на Владата на Република Македонија, во подготовката на програмските фишеа (насоки) за ИПА 2012-2013 година, при што проектите БАС и ТАМ не се вклучени како нивни составен дел. На тој начин не се создадени предуслови за аплицирање за средства преку програмата ИПА 2012-2013 година за реализирање на секој проект поединечно.

Со цел да дадеме придонес со оваа ревизија, дадовме препораки за да се преземат активности за отстранување на утврдените состојби и создавање услови за подобрување на ефектот од имплементацијата на програмите и активностите за развој на претприемништвото, односно за подобрување на развојот на малите и средни претпријатија во РМ.

Поради горенаведеното потребно е интензивирање на активностите од оваа област од сите вклучени чинители, продолжување на започнатите активноси, конкретизирање и обединување на програмите и мерките и зголемување на средствата за поддршка, кои активности ќе придонесат за унапредување на конкурентноста на македонското стопанство, а особено за претприемништвото и ќе бидат поддршка на малите и средни претпријатија што може да придонесе за зголемена вработеност и подобрување на животниот стандард на граѓаните.

На Нацрт извештајот не се примени забелешки од одговорните лица на субјектите предмет на ревизија.

[1]Заклучок на Владата на Република Македонија бр. 41-2544/1 од Шеесет и четвртата седница, одржана на 29.05.2012 година.